**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**
СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА
*
**Издавач**
Националната установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Ленинова 39
*
**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски, директор
*
**Издвачки совет:**
д-р Николче Вељановски, претседател
Јоланда Бошевска
Гордана Марковска
*
**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски
*
**Редакција:**
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски
*
**Лектура и коректура**
Здравко Божиновски
*
**Фотографии**
Маријан Котевски
*
**Компјутерска обработка и печат**
МИКЕНА, Битола
*
**Тираж**
300 примероци

**ISSN 1409–9497**

Тел.: 047/220-208;
Тел./факс: 047/220-515;
Тел. на Изд.: 232-999
www.nuubbt.uklo.edu.mk
e-mail: nuubbt@uklo.edu.mk

# СОДРЖИНА

**БИБЛИОТЕКАТА – ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА**

ЧЕСТВУВАЊЕ НА ПАТРОНОТ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
*Науме Ѓоргиевски* . . . . . 2

БИБЛИОТЕКАТА КАКО НАЈУСПЕШЕН ИЗДАВАЧ
НАГРАДЕНА ОД „ТВ ОРБИС“ . . . . . 3

КНИГА „ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ ЗА БИТОЛА“ . . . . . 3

МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦД - „ОД РИЗНИЦАТА НА СТАРИ КНИГИ ВО
БИТОЛСКИТЕ ЦРКВИ“
*Цветанка Дамјановска, Јоланда Бошевска и Лена Секуловска* . . . . . 5

ВТОР ЗБОРНИК ОД РОДНОКРАЈНАТА СРЕДБА НА БИТОЛСКИТЕ
ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА
*Николче Вељановски* . . . . . 7

1000 НАСЛОВИ ВО ОДДЕЛОТ ПЕРИОДИКА
*Мирка Зисовска, м-р Милка Котевска* . . . . . 7

КОНФЕРЕНЦИЈА COBISS 2007
*Гордана Пешевска* . . . . . 8

СОРАБОТКА СО ДОЛНОШЛОНСКАТА ЈАВНА БИБЛИОТЕКА
„ТАДЕУШ МИКУЛСКИ“ ОД ВРОЦЛАВ – ПОЛСКА
*Марија Малгожата Мачковска* . . . . . 10

РАЗГОВОР СО НАУМЕ ЃОРГИЕВСКИ,
ДИРЕКТОР НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА
*Разговорот го водеше Николче Вељановски* . . . . . 11

РАЗГОВОР СО МИЛЕ БОШЕВСКИ,
ДИРЕКТОР НА НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“СКОПЈЕ
*Разговорот го водеше Николче Вељановски* . . . . . 12

**БИБЛИОТЕКАТА – НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ
*Драги Кабровски* . . . . . 15

МАЛ ПОРТРЕТ НА ГОЛЕМИОТ ЈОЗО . . . . . 20

ОСВРТ КОН ДЕЛОТО „ЗАХИР“ ОД ПАУЛО КОЕЛЈО
*Николче Вељановски* . . . . . 22

СЕДУМТЕ НОВИ СВЕТСКИ ЧУДА
*Лидија Мирчевска* . . . . . 24

**ПОВОД ЗА ДА ВИ ГО ПРЕТСТАВИМЕ**

РАЗГОВОР СО ВАНЧО ПОЛАЗАРЕВСКИ
*Разговорот го водеше Николче Вељановски* . . . . . 26

ПОСАКУВАЊА ИЛИ ВИСТИНИ
*Никола Кочовски* . . . . . 30

ИЗЛОЖБА ВО РОДНОКРАЈНАТА ЧИТАЛНА . . . . . 31

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ
ВО 2007 ГОДИНА НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА . . . . . 32

# ЧЕСТВУВАЊЕ НА ПАТРОНОТ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ



*Приредил Науме Ѓоргиевски, директор*

Националната установа Универзитетска библиотека „Св Климент Охридски„ од Битола со посебна програма го чествуваше 8 Декември, празникот на својот патрон свети Климент Охридски. Чествувањето е сфатено како убав повод за афирмација на најновите достерли што водат кон целосна примена на светските стандарди во библиотечната дејност.

Во периодот од 8-14 декември, во рамките на програмата, беше промовиран Зборникот на трудови од Втората роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија. Беше промовирано и CD насловено „ Од ризницата на стари книги во битолските цркви" кое го содржи презентирањето на фондовите на „Св. Димитрија", „Св. Недела", „Пресвета Богородица" и Митрополијата. На 8 Декември, патронатот на Библиотеката, беше претставен еден амбициозен проект - книга: „Значајни личности за Битола", дело на група вработени во Библиотеката, во кое, паралелно, на македонски и англиски јазик се опфатени околу 160 личности, од најстари времиња до денес, кои оставиле печат во историјата на градот. Беше промовиран и „Водач низ НУУБ „Св. Климент Охридски" - Битола", инвентивен, редок потфат што ги содржи сите битни податоци за библиотечниот фонд.

Не е нескромно ако се каже дека горе кажаното говори за фактот дека целите, што се поставени со моето доаѓање, овде, на раководното место, целосно се остваруваат. За 2007 година, од Министерството за култура ни беа прифатени 13 проекти кои успешно ги завршивме, додека со спонзори и сопствени средства реализиравме уште 3-4 проекти. Посебно внимание посветивме на афирмирањето на книгата, бројот на читателите е зголемен за 30 проценти. Мора да го истакнам и напорот за збогатување на книжниот фонд со наслови од трајна уметничка вредност. Битно е да истакнеме дека, таму каде во претходниот период малку се работело, ние се посветивме на остварување на библиотечната функција во рамките на Универзитетот во Битола.

Ваквата определба се потврдува и со фактот дека го обезбедивме неопходниот фонд стручна литература за студентите од сите факултети во рамките на Универзитетот во Битола и пошироко. Зголемувањето на бројот членови, од редовите на учениците и студентите, се објаснува со фактот што добар дел од нив не се во можност да ја набават литературата што им е потребна при школувањето и студирањето.

Библиотекарството има долгогодишна традиција во Битола. Самиот факт што Библиотеката е национална установа и што ја има функцијата на универзитетска библиотека, е доволно сериозна и голема обврска за вработените.

Во своето 62-годишно работење (основана на 25 март 1945 год.) Библиотеката се здоби со книжен фонд од 500 илјади книги и повеќе домашни и странски списанија и весници. Со својата дејност Библиотеката се потврдува како незаменлива институција што постојано се грижи за потребите на широкиот читателски аудиториум, не само од Битола, туку и од регионот.

Зголемувањето на фондот на книгите и натаму останува приоритет за Библиотеката, но тешко се остварува. И покрај тоа, што добиваме 450 илјади денари од буџетот на државата, земајќи ја во предвид сегашната цена на книгата, во просек од десетина евра по наслов, принудени сме сами да се снаоѓаме со дополнителни средства. Обезбедувањето на спонзори и личниот ангажман на библиотеката, сепак, доведува до ублажување на ваквиот проблем. Вака, Библиотеката постојано се обидува да биде во тек со потребата на корисниците од зголемување на фондот со нови наслови. Одбележувањето на патронот, на прагот на од 2008 година, ќе ни биде обврска уште еднаш да ги потенцираме приоритетите на Библиотеката што не очекуваат: доопремување со информатичка опрема, докомплетирање на автоматизацијата на библиотеките во регионот, нов пристап кон медиумите, активен пристап кон културните збиднувања, современо библиотекарство и заштита на библиотечните добра.

## БИБЛИОТЕКАТА КАКО НАЈУСПЕШЕН ИЗДАВАЧ НАГРАДЕНА ОД „ТВ ОРБИС“

На неодамна одржаната свеченост за доделување на наградите, „Најуспешни битолчани за 2007 година“ на ТВ Орбис, наградата, за најуспешен издавач, ѝ беше доделена на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола. Во поздравниот говор, пред присутните во хотел „Битола“, директорот г. Науме Ѓоргиевски нагласи дека во годината која измина Библиотеката беше издавач на повеќе публикации: списание „Библиотечен тренд“, „Вера Стојчевска - Антиќ - персонална библиографија“, ЦД „Од ризницата на стари книги во битолските цркви“, Зборникот од Втората роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија“, „Водач на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола, книгата „Значајни личности за Битола“ како и други прирачници за COBISS.




# КНИГА „ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ ЗА БИТОЛА“

На проектот, односно, книгата „ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ ЗА БИТОЛА“, работевме подолг период, неколкумина колеги од Библиотеката: Андоновска Ленче, Ѓоргиевски Науме, Николов Благој, Пешевска Гордана, Анета Стефановска, Талеска Светлана и Огненовски Трајко. Од голема помош ни беа соработниците: Димовски Ѓорѓи - Цолев, Петар Бојаџиев, Димче Миновски, Лилјана Христовска, Милка Котевска и др.

Првичната идеја беше да направиме лексикон за авторите од потпелистерието, но со текот на времето и потребите кои се укажуваа, дојдовме до сознание дека за градот Битола е неопходно потребно да изработиме книга во која ќе бидат застапени значајните личности за Битола.

Се одлучивме да работиме на книгата „ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ ЗА БИТОЛА“ со тоа што се обидовме да ги издвоиме луѓето кои се од посебно значење за градот, земајќи ги во предвид и влијанијата на луѓе кои не се родени во Битола, но кои низ историјата биле присутни на ова подрачје. Се обидовме да пронајдеме биографски и друг вид податоци за сите оние кои оставиле белег за градот, при што користевме и насоки кои ни беа давани од нашите соработници, консултанти, како и обемната литература. Во книгата се застапени 161 личност, селектирани од импозантен број, се разбира, по солидна консултација со членови на научни институции, научници и историчари познавачи на историјата на овој град.

Книгата е така направена, за да може во иднина да биде надополнувана и со други значајни личности, кои не се опфатени, ка-

ко и со оние кои допрва треба да го дадат својот придонес. Текстот во книга е паралелно преведен на англиски јазик, за да може да излезе од границите на нашата земја, за да му кажува на светот за еден мал град на Балканот, Битола, кој е најопеаниот град во песните и најградскиот град во Македонија, конзулски град, кој едно време беше еден од најважните трговски раскрсници и центри на Балканот, а денес се стреми сето тоа да го надмине. Би сакале да истакнеме дека по битолските улици, односно по вечниот и препознатлив Широк Сокак, минувале и се среќавале Даме Груев, Крсте П. Мисирков, Панчо Дорев, Ѓорѓи Сугарев, Ѓорѓи Поп Христов, Рафаел Камхи, Гоце Делчев и многу други. Тоа се личности - дејци кои целиот свој работен век го посветиле на просветното, културното, научното, уметничкото и сеопштото издигнување на на овој древен град. Македонците цели пет века биле поробени, за, на крајот од 19 и почетокот од 20 век, да кренат бунтовничка глава. Во Битола, пред и по Востанието, пристигнале и мисионерки заштитнички на сиромасите, на сираците, на бездомните, на инвалидите: сестрата Виоле на која патот до вечното почивалиште ѝ го натопиле со врели солзи и липеж тие што нашле засолниште и родителска љубов, почитуваната госпоѓа Харлеј која, згрижувајќи сирачиња загина од германско-бугарското бомбардирање на Битола во 1915г., Захарија Шумљанска, родена во селото Могила, недалеку од Битола, која детството го минала токму во овој град, со својот сопруг Јулијан до крајот на животот се грижеле за сирачињата од Битола.

Истовремено Милтон Манаки, со својот апарат, а потоа со камерата ги овековечувал тие настани и тие личности - непосредно поврзани со нив. По Широк Сокак минувале басилевски и архонти, кралеви и цареви, султани, везири, садразими и садразами. Револуционерите, борците и победниците минувале по Широк Сокак - славејќи ја својата победа, предводени од нивните водачи. Тие биле личности кои придонесле за слободата на граѓаните од Битола и Битолско. Граѓаните, во минатите векови (кога биле подјармени под туѓа власт) и во сегашниве времиња, срдечно ги пречекувале високите великодостојници со ракоплескања, ги слушале нивните мисли и повици за подобра утрешнина. Низ Битола минувале и по Широк Сокак се шетале не мал број конзуларни претставници, драмски и оперски творци, режисери, научници и спортисти кои дефилирале, покажувајќи ги своите триумфални победи на државни и меѓународни натпревари. Тие биле, и останале, личности кои ја популаризирале Битола. Денес, во Битола живеат не мал број писатели, поети, ликовни и музички уметници кои заземаат своевидно место во македонската и во светската културна и уметничка област. Тие се личности кои со своите дела го популаризираат овој град. За такви како нив, како и за тие кои го положиле животот за слободата на својот народ, за тие кои се искачиле на највисоките врвови во светот, за тие што оставиле белег во македонската историја, за нивните дела и успеси, во науката, уметноста, културата, во спортот, за тие што гинеле во првите борбени редови и биле прогласени за народни херои - оваа книга претставува своевидно сведоштво. По улиците на Битола минувале митрополитот Григориј, неимар на христијански храмови, прв македонски патријарх во Истанбул, по потекло од Битола, кој блажено се упокоил токму на христијанскиот ортодоксен највисок трон, Робев Димитар кој дури и бил планиран за прв претседател на автономна Македонија. Голем број од нив (застапени во книгата) го описменуваа македонскиот народ, ги воспитуваа децата и ги учеа да читаат и пишуваат, составуваа учебници, држеа јавни предавања итн. Други вредни битолчани го собираа и обработуваа фолклорот, обичаите, обредите, се грижеа за целокупното духовно и материјално богатство. Сето тоа е плод на творечките






заложби на личностите кои се вградуваат во работата. За тоа се вели, зад секој настан постои личност. Од плејадата на многубројни личности низ историјата на Битола, извлечени се, групи на револуционери и борци за слобода, државници и воени лидери, научници, реформатори, преподобни и великомаченици, верски поглавари и мисионери, преродбеници и учебникари, доктори на науки, академици, уметници (музички, ликовни, драмски, оперски, балерини и танчери), композитори и режисери, филозофи, истражувачи, писатели, поети, драматурзи, пронаоѓачи, спортисти). Тие се личности од најразлични професии, кои се издигнале со својот труд и научно-уметничко творење, кои храбро се бореле и гинеле за слободата на овој град, истрајни и хумани, кои им помагале на граѓаните од Битола да ги преживеат пустошите, ропствата, сиромаштијата, гладот, болестите, едноставно исполнети со благородие, личности кои претставуваат своевидни неимари на градот и пошироко, одржувајќи го и подигајќи го овој наш омилен град на културното рамниште на другите градови во светот.

Книгата претставува споменик на личностите што се вградиле во историјата на градот Битола, личностите кои му дале белег и на времето и на просторот, на Битола и околината, личностите кои прогресивно делувале и постигнувале успеси и кои се надживеале себеси и станале бесмртни.

ОД АВТОРИТЕ




# МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦД - „ОД РИЗНИЦАТА НА СТАРИ КНИГИ ВО БИТОЛСКИТЕ ЦРКВИ"

*Приределе вишите библиотекари:*
*Цветанка Дамјановска, Јоланда Бошевска и Лена Секуловска*

Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"- Битола со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија , а со благослов на Митрополитот Преспанско-пелагониски и администратор Австралиски и Новозеландски, г. Петар, во рамките на проектот: „Заштита на стари книги и ракописи во Битола и Битолско", го изготви првиот мултимедијален ЦД-РОМ насловен „Од ризницата на стари книги во битолските цркви". Главна цел на проектот беше прибирање на сознанија и податоци за степенот на загрозеност на културно-историските вредности и добра, во кои спаѓаат и библиотеките.

Секторот Библиографии при НУУБ „Св. Климент Охридски", односно авторите виши библиотекари: Цветанка Дамјановска, Јоланда Бошевска и Лена Секуловска во текот на 2006 и 2007 година извршија опсежни истражувања во битолската митрополиска библиотека „Св. Јован Богослов", црквата „Св. Великомаченик Димитриј", црквата „ Рождество на Пресвета Богородица" и црквата „Св.Недела"

Истражени се над илјада стари црковни книги од кои најстарата потекнува од 16 век. Сите книги се фотографирани (корици, насловни страни, некои предговори, поговори, делови од текст, некои слики и




др.) направени се над шест илјади фотографии. Дел од црковните книги се користат во богослужбата: минеи, октоиси, псалтири, требници, часослови и др. Поголемиот број на книги се печатени во осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век на повеќе јазици, меѓу кои црковнословенски, грчки, романски и др.

Библиотеката „Св. Јован Богослов“ е сместена во подрумските простории од зградата на Митрополијата. Средена е по сите библиотечни стандарди. Книгите се сигнирани, каталогизирани и систематизирани. Каталошките картончиња се азбучно подредени во картотеки, а книгите се сместени во дрвени шкафови. Библиотеката располага со неколку илјади книги, дел од нив се белетристика, периодика, како и над стотина вредни црковни книги кои се користат во богослужбата.

Библиотеката во црквата „Св Великомаченик Димитриј“ е сместена во административната зграда и располага со богат фонд на црковни книги, белетристика и периодика кои се напишани на повеќе јазици. Најстарата црковна книга датира од 1817 година.

Во Црквата „Рождество на Пресвета Богородица“ не постои просторија за класична библиотека за сместување на библиотечниот фонд. Книгите се сместени во олтарот и певницата. Црквата располага со над стотина вредни црковни книги кои се користат во богослужбата. Најстарата потекнува од 1838 година.

Црквата „Св. Недела“ не располага со класичен библиотечен простор, дел од книжниот фонд е сместен во олтарот, певницата и канцеларискиот простор, а има фонд од околу 150 книги кои се користат претежно за црковни обреди.

Во ЦД-то се застапени :

- податоци за библиотечниот фонд на црковните библиотеки, или просториите во кои се сместени црковните книги – певниците и олтарите;
- општи податоци за црквите
- видови на црковни книги - дефиниции за видовите на црковни и богослужбени книги;
- каталог на стари книги во кои хронолошки се поместени книги кои имале некоја важност за градот Битола;
- преглед на некои стари книги со целосен библиографски опис и препорака за нивна заштита;
- сето ова е поткрепено со црковни песнопеења.

Дизајнот и изработката се на Лидер инженеринг-Битола

Реализацијата на оваа идеја беше мошне успешна и најавува продолжување на слични нови проекти.



# ВТОР ЗБОРНИК ОД РОДНОКРАЈНАТА СРЕДБА НА БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

*Приредил Николче Вељановски,*
*библиотекар советник*



На Втората роднокрајна средба на битолски писатели од Македонија - Тркалезна маса, која премина во традиционална средба, писателите читаа свои текстови на тема: „Авторот за спецификите на своето творештво“.

Како и после Првата роднокрајна средба, и оваа година, НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола се погрижи да го издаде и вториот Зборник, во кој, на 150-тина страници, можат да се најдат 17 текстови на авторите. Со резиме на англиски јазик. Зборникот има додаток. Тоа е скратениот текст на проф. д-р Златко Жоглев, насловен како „Битолското книжевно наследство од средновековието до денес“ кој беше презентиран на отворањето на изложбата „Битолското книжевно наследство“, одржана од 1 до 14 јуни 2007 година во „Информативниот културен центар на РМ во Софија, НР Бугарија. Изложбата беше отворена само 7 дена после Роднокрајната средба која се одржа на 22-23 мај 2007 година.

Што можеме да сретнеме во Зборникот? Оригинални искази на авторите како што се:

„Учителот“ е роман фокус на сите мои филозофски размислувања во сите мои романи, новели и раскази. (Владимир Костов)




„Не го штедам никого кој скршнал од патот, па било тоа да е некој најблизок“. (Ѓорѓи Прчков)

„Друг да знае за мене, а јас... (да не знам). Се работи за судбината на неговата песна „Палестина“ напишана од пред 25 години. (Панде Манојлов)

# 1000 НАСЛОВИ ВО ОДДЕЛОТ ПЕРИОДИКА

*Приредиле:*
*Мирка Зисовска, м-р Милка Котевска*

Во одделот „Периодика“ сместени се списанија, весници, годишници, извештаи од институции, зборници, трудови и други публикации со нумеричка или хронолошка ознака чие излегување не е временски ограничено.

Публикациите се обработуваат според меѓународно прифатениот стандард за обработка ISBD(S) и големината на форматот. Обработени се околу 1000 домашни наслови (386, во формат II; 354 во формат III ; 100, во формат IV). Обработката на туѓата периодика е во одделот „Збирка туѓа литература“ и брои околу 200 наслови (сместени во магацинот на одделот „Периодика“)

Меѓу најстарите периодични публикации се: „Venac“: knjizevni omladinski list (1925-1929), „Летопис матице српске“ (1926-1929), „Данас“: књижевни часопис (1934). Потоа следуваат публикации кои датираат од 1945 година; „Нов ден“ - списание за уметност, наука и друштвени прашања (1945-1950), „Службен весник на СРМ“ (1945 - сè уште излегува, но како „Службен весник на Република Македонија“), „Борба“ (1945-1992), „Трудбеник“: орган на Земскиот одбор на единствените синдикати на работниците и намештениците за Македонија (1945-1997), „Flaka e vellazerimit“ (1945 - ), „Нова Македонија“ (1946- ), „Јеж“ (1946-1975), „Савремена школа“ (1946-1957),

па „Просветно дело“ (1951-2005); „Македонија“: илустрирано списание на Матицата на иселениците од Македонија (1953- ), „Стремеж“ (1954- ), „Културен живот“ (1956- ), „Битолски весник“ (1964- ); „Просветен работник“ (1967- ), „Екран“ (1971-1997) и многу други.

Денес во одделот Периодика секојдневно можат да се најдат седум дневни весници („Дневник“, „Вечер“, „Утрински весник“, „Време“, „Вест“, „Шпиц“, „Koha“), повеќе неделни („Битолски весник“, „Македонско сонце“, „Фокус“, „Auto bild“), месечни („Просветен работник“, „Мој дом“, „Семеен магазин“, „Судоку“, „Тој“, „Таа“), како и многу стручни списанија од повеќе области: медицина, литература, уметност, архитектура, градежништво, економија, информатика, природни науки и сл. Тука се и зборниците, годишниците, статистичките податоци и тн. Редовно го добиваме и „Службен весник на Република Македонија“.





# Конференција COBISS 2007



*Приредила*
*Гордана Пешевска, виш библиотекар*

На Шеснаесеттата конференција на COBISS во Марибор која се одржа од 28 до 29 ноември (среда и четврток) на тема „COBISS – ПОДДРШКА НА ИНТЕРКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ“ (на прагот на Европската година на интеркултурен дијалог), учествуваа голем број библиотекари и информатичари од државите на Југоисточна Европа, а посебно од државите на Западен Балкан. На Конференцијата присуствуваа 414 учесници и тоа: 45 од Македонија, 59 од Србија, 42 учесници од Албанија, 51 од Босна и Херцеговина, 24 од Бугарија, 10 од Црна Гора, 25 од Косово, 119 од Словенија и три учесници од други држави. Покрај бројните библиотекари и информатичари, учествуваа и претставници од надлежните министерства. Од Македонија претставници беа г-ѓа Анета Стефановска, пратеник во Собранието на Р. Македонија, г-ѓа Трајана Марковска, раководител на Секторот за библиотекарство при Министерството за култура на РМ и амбасадорот на РМ во Р. Словенија, г. Самуил Филиповски.

Како и претходните, така и оваа година, настаните на конференцијата беа збогатени со извонредни предавачи кои ги претставија настојувањата во изградбата на интеркултурниот дијалог во различни средини и ја разоткрија интеркултурната широчина на COBISS, кој се потврдува во делот на Европа во кој без интеркултурен дијалог нема егзистенција. Вториот ден на Конференцијата беше посветен на тркалезните маси (вкупно четири, на кои зедоа учество 39 предавачи од девет држави). Од нашата земја со свои реферати учествуваа директорот на НУБ „ Св. Климент Охридски„ - Скопје, г-дин Миле Бошески и директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски„ - Битола, г. Науме Ѓоргиевски. Се разговараше за квалитетната библиотечна практика во рамки на следните теми:

- **Преземање на библиографските записи од различни културни средини**

Бројот на преземени записи во рамките на мрежата COBISS.Net нагло расте, а се шират и искуствата што се поврзани со културните карактеристики на средината во која е создаден записот. Тоа делумно може да се примени и на односот меѓу националните и меѓународните библиотечни стандарди.



- **Уважување на културните разлики на корисниците на библиотеките**

Денес веќе нема културно хомогени средини, бидејќи Европа е простор за слободен проток на луѓе. Затоа денес, повеќе од кога и да било порано, библиотеките мора да размислуваат за различните културни потреби на корисниците, а тоа мора да го уважуваат и во своето работење.

- **Придонес на библиотеките за европскиот идентитет**

Европа не ја прифаќа перспективата на „лонец за претопување„, а истовремено очекува дека ќе се развие идејата за европска припадност како сврзувачка култура на дијалогот. Ниту една институција нема толку добри појдовни точки за поддршка на европската идеја како што тоа го имаат библиотеките кои се, всушност, „европски куќи„ во своите средини.

- **„Малцински„ библиотеки и збирки на странски јазици во функција на интеркултурниот дијалог**

Скоро и да не постои европска држава која во рамките на своите граници нема национални малцинства, а се очекува малцинствата да имаат и свои библиотеки. Разбирлива е нивната национална мисија, која е од посебно значење за интеркултурниот дијалог. Слична улога имаат и библиотечните збирки на странски јазици.

Конференцијата заврши со панелот на кој беше претставена програмата за студии по информациски науки – библиотекарство на 2. болоњски степен (магистер) која, врз основа на посебната спогодба, ја организираат IZUM и универзитетите во Задар, Љубљана, Приштина и во Скопје. Тие студии имаат цел да помогнат во надминувањето на проблемот поврзан со недостаток од стручен кадар во државите во кои не постојат студии по библиотекарство.

Во рамките на конференцијата беше организирана и свеченост по повод 20 години од воведувањето на кооперативниот online библиографски систем и сервиси (COBISS), на која беа доделени 23 признанија на поединци, надвор од IZUM, кои значително придонеле за развојот на нашиот библиотечно-информациски систем.

Следниот ден, за учесниците од Р. Македонија, беше извршена презентација на новата верзија COBISS 3 и потребната програмска опрема, а потоа беше организирана посета на Универзитетската библиотека во Марибор - УКМ.

Стекнатите искуства ги пренесовме во нашата библиотека, а во врска со верзијата COBISS 3 се надеваме дека наскоро ќе биде инсталирана и на серверите во Р. Македонија.



# СОРАБОТКА СО ДОЛНОШЛОНСКАТА ЈАВНА БИБЛИОТЕКА „ТАДЕУШ МИКУЛСКИ“ ОД ВРОЦЛАВ – ПОЛСКА



*Приредила Марија Малгожата Мачковска,*
*виш библиотекар*

Оваа година НУ Универзитетската библотека „Св.Климент Охридски“ Битола ќе има можност да ја реализира, од пред две години ,започнатата соработка со Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“ од Вроцлав. Министерството за култура на РМ го одобри проектот предложен од страна на нашата институција со тема „ Македонско-полската соработка на библиотеките од Битола и Вроцлав“. Проектот предвидува меѓусебна посета на библиотекари од Битола и Вроцлав, запознавање на двете институции со нивниот начин на функционирање, размена на искуствата и развивање на понатамошната соработка.

Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“ од Вроцлав е основана во 1945 година и низ годините го менуваше името, локацијата и обемот на нејзината активност. Денес Библиотеката е сместена во прекрасна стара зграда во строгиот центар на Вроцлав и успешно и сестрано реализира задачи на јавна библиотека. Нејзините читатели (околу 30.000) ги претставуваат сите слоеви на општеството: студенти, научни работници, ученици од основните и средните училишта како и возрасни читатели. Освен својата основна дејност како јавна библиотека ДЈБ врши и улога на централна библиотека во регионот Долни Шлонск која го поддржува развојот на над 300 помали библиотеки. ДЈБ организира конференции, научни средби, помага во развојот на мрежата на библиотеки, организира курсеви за библиотекари од регионот, соработува со сите научни институции во Вроцлав, а студентите од Факултетот за библиотекарство и научна информација доаѓаат на практика.

ДБЈ исто така има статус на научна библиотека која врши дидактички, библиографски, информациски, документациски истражувања, како и издавачки активности.



Во Библиотеката има повеќе оддели: Информции, Позајмување, Собирање и обработка на библиотечен материјал, Документи од општествениот живот, Фонотека, Работа со деца, Инструкциско-методички и истражувачки работи, Периодика, Компјутеризација на библиотеката, Говорна книга , Галерија „Pod Plafonem“, Издавачко-полиграфски оддел. Библиотека има повеќе читални достапни за читателите : Научна читална, Главна читална, Читална за периодика и Читална за деца. ДЈБ ја има, во цел регион најбогатата германска читална при Институтот „Гете“. Од 2006 год. во Библиотеката функционира Американско катче (American Corner), а во фаза на подготовка е отворање на Романска читална.

Библиотечниот фонд има универзален карактер и опфаќа околу 500.000 единици. Најзастапена е хуманистичката и општествената литература, научната и научно популарната литература, белетристиката и литературата за деца и возрасни. Освен тоа ДЈБ има и богата фонографска збирка со аналогни и DVD плочи, CD ROM-ови, аудио и видео касети, книги снимени на касети и CD ROM-ови како и богата збирка документи од општествениот живот.

ДЈБ нуди широк избор на популарни и научно популарни полски и странски списанија како и локален печат ( над 600 тековни наслови и над 21000 архивски списанија).

Сите процеси во Библиотеката се автоматизирани во програмскиот систем ALEPH. Информацијата за библиотечниот материјал е достапна преку интернет на страни-

цата www.dzb.pl и на web страна на библиотеката www.wbp.wroc.pl.

Галеријата „Pod Plafonem", преку организирање на изложби, ги презентира достигнувањата на авторитетите од разни области на науката, уметноста и литературата. Се организираат и библиофилски изложби, саеми и продажни изложби на книги.

Библиотеката обавува најразлични културно-просветни дејности, популаризаторски и воспитни работи во разни средини и меѓу младите.

Голем интерес постои за литературните средби посветени на авторите, книгите и на творештвото. За учениците од основните школи се организираат библиотекарски часови и различни натпревари во знаење.

ДЈБ има разновидна издавачка дејност, во чиј склоп го издава тримесечникот „Książka i Czytelnik" („Книга и читател").

Во кратки црти ова е дејноста на Долношлонската Јавна Библиотека „Тадеуш Микулски" од Вроцлав со која ќе имаме прилика да се запознаеме оваа година. Се надеваме дека соработката ќе биде од голема полза за двете библиотеки.

**РАЗГОВОР СО НАУМЕ ЃОРГИЕВСКИ, ДИРЕКТОР НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА**

# ДВАЕСЕТИНА ПРОЕКТИ ЗА БИБЛИОТЕКАТА



Деновиве од Министерството за култура беа објавени прифатените проекти за библиотеките на РМ. Прифатени се дваесетина проекти за Библиотеката.

Како ниедна година досега, Министерството за култура прифати да ѝ финансира на Библиотеката поголем број на проекти со чија реализација сè повеќе и повеќе книгата ќе му се приближува на читателите, зградата и просториите ќе станат попривлечни за корисниците, а Библиотеката ќе ја проширува соработката со други библиотеки во Централна и Источна Европа. Прифатените проекти се од областите: библиотечна дејност, издавачка дејност, заштита на културното наследство, капитални средства за установите и меѓународна соработка.

**Кои беа проектите од библиотечната дејност?**

Библиотечната дејност е најобемна и најразновидна по содржини со 11 прифатени проекти, меѓу кои доминира издавањето на Библиографија на НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола (1945-2007), издавање на ЦД за Библиотеката и формирање на инфо-креативен центар. Планирана е и Третата роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија - Тркалезна маса и Зборникот кој произлегува од неа. Во тек е и втората и последна фаза од Автоматизацијата на библиотечното работење во библиотеките од западниот регион на Македонија. Најново, што досега не сме имале, е проектот за автоматизација на благајничко-сметководственото и архивско работење.

1. Збогатување на книжниот фонд за 2008 година;
2. Библиографија на НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола (1945-2007);
3. ЦД на НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола;
4. Формирање на инфо-креативен центар;
5. Библиотекарска музејска поставка за Битола и битолско (втора фаза);
6. Комплетирање и осовременување со основни средства за работа во секторот за „Заштита и репрографија на книгата";
7. Трета роднокрајна средба со битолски писатели од Македонија (Тркалезна маса);
8. Трета роднокрајна средба со битолски писатели од Македонија (зборник на излагања);
9. Културни активности;
10. Автоматизација на благајничко-сметководствено и архивско работење;
11. Автоматизација на библиотечното работење во библиотеките на западниот регион на Р. Македонија, завршна фаза во: Битола, Демир Хисар, Кичево, Гостивар, Дебар, Тетово, Македонски Брод, Крушево, Неготино, Струга, Охрид, Ресен и Прилеп.

**Ќе ни кажете ли нешто повеќе за проектите од заштита на културното наследство?**

Како поголема инвестиција што ќе се реализира годинава е конзервацијата и реставрацијата на зградата на Библиотеката која е објект од старата градска архитектура, а покрај фасадата ќе биде заменет и дел од старата дотраена дограма.

12. Конзервација и реставрација на објект од старата градска архитектура на ул. „Ленинова“ бр. 39 Битола;

КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА УСТАНОВИТЕ

13. Реконструкција на фасадата на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола;

**Постои ли можност за соработка со библиотеки од странство оваа година?**

Во 2008 година, од посебна важност ќе биде соработката на меѓународен план во кој ќе земат учество повеќе вработени, а исто така и очекуваме да ни дојдат во посета библиотекари од повеќе земји. Еве неколку планирани проекти:

14. Културно-информативен центар на РМ во Софија;

Тема: „Македонија од антиката до денес“

15. Македонско-полска соработка меѓу библиотеките на Битола и Вроцлав, Полска

16. Македонско-хрватска соработка. Претставување на автори и дела во библиотеката во Сплит.

Од посебно значење е воспоставувањето на соработката со Централната библиотека во Гил, Фландрија, Белгија, која е во тек.

**Дали ќе продолжи и понатаму издавачката дејност за која Библиотеката од ТВ „Орбис“ беше прогласена за најуспешен издавач во 2007 година?**

Покрај Зборник од Третата роднокрајна средба на битолски писатели од Македонија и Библиографија за Библиотеката, планирано е издавањето на вториот том од „Автори од потпелистерието“, а посебно оригинално издание е делото посветено на Ванчо Николески, „Од ракопис до книга“, базирано на расположливите материјали и ракописи кои авторот ги оставил своевремено во Библиотеката.

17. Библиотечен тренд;

18. Авторите од потпелистерието, Том 2;

19. Ванчо Николески - Од ракопис до книга.

РАЗГОВОР СО МИЛЕ БОШЕСКИ, ДИРЕКТОР НА НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

# ИЗГРАДБА НА НОВО КРИЛО НА НУБ – СКОПЈЕ

**Од кога сте на функцијата директор на Националната и универзитетска библиотека и како е таа организирана?**

На ова место сум од март 2007 година. Имаме 115 вработени, плус 8 хонорарни лица од кои двајца инженери - информатичари.

Библиотеката е организирана низ сектори и одделенија. Има пет сектори со свои одделенија: „Лабораторија“, „Заштита на библиотечниот материјал“, „Книговрзница“, „Сериски публикации“, „Монографски публикации“. Одделението за издавање се вика „Книжен фонд“ кое е посебно одделение. Издавањето не ни е автоматизирано и затоа правиме напор да ја забрзаме ретроактивната обработка на книжниот фонд. Потоа имаме



и збирки: музичка, картографска, археографска, ориентална. Археографското одделение е за ракописи и стари ретки книги.

**Кога сме тука, некое време го водевте и фондот за забранети книги. Какви беа тие книги?**

Тоа беше поголем фонд на таканаречени 'опасни' книги кои стоеја под клуч. Тој фонд официјално носеше наслов „Фонд за книги под посебен режим за користење“, односно имаше елегантно име - Фонд за ограничена употреба. Нивното издавање одеше на поинаков начин. Всушност, овие книги не требаше да дојдат во нечии непознати раце и да бидат употребени во штетна пропаганда која би можела негативно да влијае врз пролетерите, студентите и работниот народ. Процедурата подразбираше дека за корисникот треба да знае директорот на Библиотеката.

Се разбира, етикетата 'забра-



Миле Бошески, во Битола, на отворањето на реновираниот хол на Библиотеката, февруари 2007 г.

нета книга' ја ставаа другарите од идеолошката комисија на ЦК на СКМ, кои во името на народот одлучуваа која книга е штетна, а која корисна за широките народни маси. Најпровокативно беше дека тие беа забранети, па некои писатели доаѓаа да видат што е тоа што е забрането. Оние кои доаѓаа по тие книги беа евидентирани и станувaа потенцијално 'опасни' за службите за безбедност. Димитар Димитров беше долги години раководител на овој фонд, а јас бев задолжен за тој фонд од 1982 до 1990 година, кога се укина режимот за контролирано користење на таквите книги со осамостојувањето на Македонија во 1991 година, кога истите беа преместени во останатиот фонд на Библиотеката.

Мислам дека во нормални услови нив никој не би ги ни забележал, а денес за нив ни оддалеку нема толкав интерес каков што имаше кога беа забранети. Во списокот има и купишта безвредни списанија и брошурки преполни со смешни измислици и фалсификати. Во тој фонд беа и книгите на Венко Марковски и мемоарите на Ванчо Михајлов.

**Кој е задолжен за меѓународната соработка?**

Одделението „Меѓународна соработка“ е во рамките на сектор. Вработените во Одделот соработуваат со сите меѓународни асоцијации со кои што некаде членуваме, а некаде не членуваме. Тие со нив соработуваат по разни прашања од библиотечната дејност, било да се работи за стандарди или конференции, подготовка на материјали, плаќање на членарини итн. Кога е потребно, тие ни организираат некои престои. Лицето кое работи таму ги прави патните и другите подготовки, ги обезбедува врските и другите информации.

**Дали сте збратимени со некоја библиотека надвор од Македонија?**

Не сме збратимени, но имаме соработка со библиотеки од Бугарија, Србија, со Иран. Сега очекуваме да потпишеме договор со Александриската библиотека.

Оваа година е година на јазиците, на 21 февруари ќе направиме изложба со публикации на сите јазици што ги имаме во Библиотеката, а песната „Т'га за југ“ ќе биде прочитана на сите јазици.

**Кажете ни нешто за донациите во Библиотеката?**

Словенија дава донација за постдипломски студии по библиотекарство заради недостаток на образовани библиотечни кадри, од кај нас имаме испратено четворица библиотекари. Таа донација е за петнаесет лица од Македонија до 35 или 40 годишна возраст. Ќе се следат предавања по пет дена во Љубљана, Задар, Приштина и Скопје, во меѓувреме ќе се подготвуваат семинарски работи.

Оваа година имаме една донација од Швајцарија која ќе ни овозможи да учествуваме во европската електронска библиотека со што ќе ни ја плати членарината таму, а ние ќе партиципираме со дигитализирање на една наша збирка или дел од збирката за да ја депонираме како фонд.

**Вашиот општ впечаток откако станавте директор на НУБ - Скопје?**

Концепцијата, воглавно, стои, но многу работи се сменети, посебно во автоматизацијата. Ние велиме дека сме автоматизирани, но јас се обидувам да создадам ефекти од неа, да бидеме ажурни, да обезбедуваме квалитетна информација, да се автоматизираат процесите комплетно. Имаме и компјутерски центар кој е „Виртуелна библиотека на Р. Македонија“. Ние сме Центар, но и Сервис. Два пати годишно се организираат почетни и продолжителни курсеви за библиотекари од цела Македонија. Со договор, обврските се префрлија на нас. Го сервисираме системот на библиотеките на Македонија, додека вашата библиотека во Битола е регионален сервис.



Миле Бошески, во Библиотеката во Битола, во комисија на Петтиот републички натпревар „Млади библиотекари„ 2005 г.

**Кои се Вашите планови?**

Дигитализацијата и сериозното посветување на Заштитата на книгата. Ќе ја оформиме лабораторијата за реставрација и конзервација. Ке ја направиме современа и ќе ја сместиме во посебно крило затоа што сме Центар за заштита на книжевното наследство за кое сме задолжени уште од 2005 или 2006 година.

**Планирате инвестиција за доградба на едно крило од страната на паркот?**

**Ќе се инвестираат околу 1500.000 евра за доградба на едно крило кое ќе биде функционално поврзано со стариот дел. Во него ќе има депо - магацински простор за книги од 700 м², ќе има центар за дигитализација, ќе бидат сместени сите збирки, ќе има простории за користење на дигиталните форми. Ќе има една просторија како амфитеатар за прожектирање, научни средби. Моментално немаме простор за книгите и ги носиме во Театарот и на други места. Имаме околу милион книги. Како библиотечни единици имаме преку 3.500.000 книги. Крилото ќе биде, во еден дел, стаклено. Внатрешното уредување не влегува во тие средства. Крилото ќе биде готово за една година.**

**На крајот од разговорот морам да Ве прашам за оваа голема книга за впечатоци пред нас?**

Да. Сметам дека една ваква библиотека во која доаѓаат реномирани личности од книжевноста и политиката, од земјата и странство, требаше да има една ваква голема книга за впечатоци. Пред некое време, во посета ни беше и премиерот г. Никола Груевски. Овие дена ќе имаме и изложба со гости и политички личности од соседните држави.

*Разговорот го водеше*
*Николче Вељановски*

## ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

*Приредила Гордана Марковска*

1. СРЕЌНИОТ ДЕН Е УТРЕ - Јулија Латинина
2. ХРАПЕШКО - Ермис Лафазановски
3. QUO VADIS - Henrik Sjenkjevic
4. ЧЕТИРИ ЉУБОВНИ ПИСМА - Најл Вилијамс
5. ВИСТИНСКИОТ ФИДЕЛ КАСТРО - Листер Колтман
6. МИСТЕРИЈАТА НА СЕДУМТЕ БРОЈЧАНИЦИ - Агата Кристи
7. СЕФОРА - Марек Халтер
8. ШОЉА ЧАЈ - Емил Ефрон
9. ОПУС ДЕИ - Роберт Хачинсон
10. GAME OVER - Adel Parks

## ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

*Приредила Стеванка Петковска*

**Најчитани книги за 2007 год.:**
„Ерагон“ - Кристофер Паолини
„Хари Потер“ - Раулинг

1. ПРВОРОДЕНИОТ - Кристофер Паолини
2. КОВАЧОТ ОД ГОЛЕМИОТ ВУТОН - Џ.Р.Р. Толкин
3. ЕВРЕЈЧЕТО ШАМИ - Владимир Костов
4. МАКЕДОНСКИОТ ФАРАОН - Трајан Патровски
5. ШТУРЧО - Ѓорѓи Прчков
6. ОРЛОВОТО СЕДЕЛО - П. Бицевски
7. БИСКВИТИ ЧИПС И ЉУБОВНА БОЛКА - С. Ш. Стипанчиќ
8. МОМЧЕ ЗА РАЗМЕНА - Нестлингер
9. ЧУДЕНКИ СО ТИМИТАР ИТАР - Велко Неделковски
10. КОРНЕТ И ЛИЗИ ВО ШАРЕН ЦАМ - Велко Неделковски



# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ

*Приредил Драги Кабровски*

**18.07.2007 г.**

**ИЗЛОЖБА**

Во рамките на општинската програма за одбележување **БИТ ФЕСТ - 2007**, во 19 часот, Библиотеката



организираше изложба под наслов **„КОНЗУЛАТИТЕ ВО БИТОЛА - НЕКОГАШ И ДЕНЕС“**. Присутните гости ги поздрави директорот на Библиотеката г. Науме Ѓоргиевски. За подготвувањето на изложбата зборуваше д-р Николче Велјановски, а изложбата ја прогласи за отворена г. Никола Миновски.



**03.08.2007 г.**

**ВТОРА ИЗЛОЖБА - БИТ ФЕСТ 2007**

Во рамките на **БИТ ФЕСТ - 2007**, Библиотеката организираше изложба под наслов **„БИТОЛА ОД АНТИКАТА ДО ДЕНЕС“**.

Изложбата ја сочинуваа околу 150 монографски публикации тематски поврзани со Хераклеја и Битола, со историјата на Битола, посебно Илинденскиот период и Револуцијата, со институциите и претпријатијата во Битола, со културни теми од јавниот живот во градот, како и фотографии - копии од старата градска архитектура на Битола. Фотографиите беа подредени хронолошки.



**27.08.2007 г.**

**ИЗЛОЖБА НА ПОРТРЕТИ**

По повод отворањето и одржувањето на манифестацијата од светско значење **„Струшки вечери на поезијата 2007“,** Библиотеката приреди изложба на портрети од досегашните учесници лауреати - добитници на наградата **„Златен венец на поезијата“** - **1966** до **2006** година.

**30.08.2007 г.**
**ПРОМОЦИЈА**

Во салата за промоции, се одржа промоција на книгите: **„Жена на брегот од океанот“** и **„Харфа“** од Рада Видиновска. Промотори: м-р Разме Кумбароски, писател и проф. д-р Никола Кљусев, академик.



Рада Видиновска е современ македонски писател, поет, преведувач и есеист која живее и работи во Торонто, Канада. Автор е на книгите поезија: **„Бисерни капки од Нијагара“**, **„Белези на душата“**, **„Молњи во окото“**, **„Скришни огледала“** и други. Преведена е на повеќе јазици. Нејзините песни претставуваат тажна исповед низ кои провејува носталгијата по родниот крај.

**06.09.2007 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод **8 Септември - Денот на независна и суверена Македонија**, Одделот за популаризација на книгата подготви тематска изложба на книги посветени на македонскиот народ и македонската нација, под наслов **„16 ГОДИНИ САМОСТОЈНА И СУВЕРЕНА МАКЕДОНИЈА“**.

**21.09.2007 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

На празникот Рождество на Пресвета Богородица - Мала Богородица, **21 Септември**, беше промовирана монографијата **„ОРЕОЛОТ НА ДЕВА МАРИЈА И СВЕТА БОГОРОДИЦА СЛИМНИЧКА ВО ПРЕСПА“** од авторите: Вера Стојчевска - Антиќ и Славе Николовски - Катин. Промотор на книгата беше проф. д-р Петре Георгиевски. На промоцијата преку видео-бимот беше презентирано литературното дело на двата автори.



**26.09.2007 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Библиотеката организираше промоција на книгата: **„ВЕЧНИОТ ОГАН НА ФИЛОСОФИЈАТА“**од писателот Јозо Т. Бошковски Јон. Д-р Николче Вељановски го претстави авторот со кратка биографија. Промотор на книгата беше проф. д-р Ферид Мухиќ. Како пропратна активност на промоцијата беше презентацијата на творештвото на авторот преку видеобим и изложбата на неговите книги.



**09.10.2007 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод 66 годишнината од народното востание во Македонија, во холот на Библиотеката беше поставена тематска изложба на книги посветени на 11 Октомври - Денот на започнувањето на борбата на Македонија против фашистичкиот окупатор во Втората светска војна.

**18.10.2007 г.**
**ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“**

На 18 октомври, (четврток) во 11 часот се одржа осмиот по ред општински натпревар **„Млади библиотекари“**.




На натпреварот учество зедоа ученици од основните училишта од градот и од поголемите селски населби од Битола. Библиотеката на сите учесници им додели по една книга и диплома за учество, а на тројцата најдобри им додели награди во книги и Дипломи. Наградите им ги врачи директорот на Библиотеката г. Науме Ѓоргиевски.

Прва награда освои ученичката **Марковска Елена** од осмо одделение при ОУ „Браќа Миладиновци“ од с. Добрушево, втора награда освои Димовска Михаела, ученичка од осмо одделение при ОУ „Св.




Климент Охридски“ од Битола и трета награда освои Трајковска Тамара, ученичка од VII-в одделение при ОУ „Елпида Караманди“ од Битола.

Првонаградената од овој Општински натпревар **Марковска Елена**, според пропозициите, се стекна со право да ја претставува Библиотеката на Републичкиот натпревар што ќе се одржи во Кавадарци на 26 Октомври 2007 година.

Општинскиот натпревар го спроведе комисија во состав: г-ѓа Бошевска Јоланда (претседател), г-дин Стојановски Илче и г-дин Кабровски Драги, вработени во Библиотеката.

**26.10.2007 г.**
**РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ„**

Во петокот на 26.10.2007 година, во Народната библиотека **„Феткин“** во Кавадарци, со почеток во 11 и 30 часот, во организација на Друштвото на



библиотекарите на Македонија беше одржан Осмиот републиучки натпревар **„Млади библиотекари“**. На натпреварот учество зедоа 33 натпреварувачи од сите народни библиотеки во Македонија. Битолската библиотека ја претставуваше ученичката Марковска Елена од осмо одделение при ОУ „Браќа Миладинови“ од с. Добрушево, Битола, која со освоени 170 бодови го



освои второто место на натпреварот. Првото место му припадна на претставникот од Куманово со освоени 175 бодови, а третото место му припадна на претставникот од Свети Николе со освоени 165 бодови. Наградите и дипломите на учесниците им ги врачи претседателот на Комисијата ѓ-ѓа Магдица Шамбевска од Националната - Универзитеска библиотека „Св. Климент Охридски“ од Скопје.

**30.10.2007 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Во салата за промоции на Библиотеката, во организација на Митрополијата во Битола беше промовирана книгата **„Измамени верници“** од Диме/Цим Мераковски. Книгата ја промовира **Панде Манојлов**. На промоцијата збор зеде Митрополитот Преспанскопелагониски и администратор австралиски и новозеландски, **Г-дин Петар**. Книгата зборува за состојбите, на црковен план, во македонската заедница во Австралија.



**31.10.2007 г.**
**ГРУПНА ПОСЕТА ОД УЧЕНИЦИ**

На 31 октомври во 10 часот, Библиотеката беше посетена од ученици од V одд. при ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ од Битола заедно со претпоставениот наставник. Учениците беа прифатени од г. Драги Кабровски кој во кратки црти ги запозна учениците со значењето и работата на Библиотеката, како и со компјутерското пребарување на каталогот. Посетата беше искористена и за разгледување на Библиотеката.

**03.11.2007 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод 4 Ноември - Денот на ослободувањето на Битола, Библиотеката постави изложба на книги со наслов **„Битолски писатели добитници на наградата 4 Ноември“**. Оваа активност на Библиотеката беше влезена во општинската програма за одбележување на Денот на ослободувањето на градот.

На почетокот присутните гости ги поздрави директорот на Библиотеката г. Науме Ѓоргиевски и го повика градоначалникот на општината г. Владимир Талевски да ја отвори изложбата. Свое обраќање имаше нашата колешка г-ѓа Анета Стефановска, пратеник во Собранието на Р. Македонија,

**09.11.2007 г.**
**ЛИТЕРАТУРНА СРЕДБА**

Библиотеката и Друштвото на писатели на Р. Македонија, по повод одбележувањето на 60-годишнината од основањето на Друштвото на пистаелите на Македонија (ДПМ) и Месецот на книгата, организираа



Литературна средба на која повеќе реномирани македонски писатели лично се претставуваа со кратки извадоци од своите дела. Средбата започна во 12 часот. Присутните имаа можност да ги видат и слушаат познатите македонски писатели: Гане Тодоровски, Владимир Костов, Ташко Георгиевски, Веле Смилевски, Светлана Јоциќ и други. Биографските податоци за авторите беа презентирани преку видео-бим.

**14.11.2007 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Во организација на Библиотеката и Центарот за културна деконтаминација - Битола, во 18 часот, се одржа промоција на поемата **„Слики“** од младиот битолски автор **Емилијан Дивјакоски**. Поемата е заштитена и поддржана од Данскиот комитет на УНЕСКО при Министерството за култура на Кралството Данска и **Балканскиот оркестар „Бјонко и Копенхаген Чалгија“**, а во склоп на проектот за **„Мир и просперитет на Балканот“**. Промотори на книгата беа рецензентите: г. Илија Мерковски и г-дин Илче Стојановски.



**07.12.2007 г.**
**„ПОЕТСКИ БРАНУВАЊА - 2007“**
Библиотеката ја организираше четиринаесеттата традиционална литературна средба **„ПОЕТСКИ БРАНУВАЊА 2007“**. На Средбата, учество зедоа ученици - членови на литературните секции при основните училишта од градот. Заради натпреварувачки



карактер на Средбата, за најуспешните литературни творби, Библиотеката додели награди и дипломи. Беа наградени следните ученици:

**Прва награда**: Стефани Најденовска VI-б одд. ОУ „Коле Канински“ и Теодора Шаклевска VII-в одд. ОУ „„Елпида Караманди.

**Втора награда**: Даниел Богојоски VIII-2 одд. ОУ „Ѓорѓи Сугарев“, Ивана Антевска VIII-а одд. ОУ „Даме Груев“ и Ивана Солунчевска VIII-б одд. ОУ „Д-р Трифун Пановски“.

**Трета награда**: Горјана Стојановска VII-одд. ОУ „Тодор Ангелевски“, Ана Јанкуловска V-2 одд. ОУ „Гоце Делчев“ и Благојче Ѓорѓиевски VI-б одд. ОУ „Св. Кирил и Методиј“.

На средбата беа доделени и две награди за редовни и примерни читатели на Библиотеката за 2007 година и тоа: Емилија Десановска - член на Детската библиотека ученичка во ОУ „Коле Канински“, а од возрасните г-дин Пеце Јовановски од Битола.

**08.12.2007 г.**
**ПАТРОНАТ - ПРОГРАМА**
По повод чествувањето на името на вети Климент Охридски - патронот на Библиотеката, од 8-14 декември, во Библиотеката се одржаа неколку манифестации:

**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**
Во салата за промоции на Библиотеката, во саботата, свечено беше претставена книгата **„Значајни личности за Битола“** од **Ленче Андоновска, Науме Ѓоргиевски, Благој Николов, д-р Трајко Огненовски, Гордана Пешевска, Анета Стефановска и Светлана Талеска.**



Во името на издавачите НУУБ - Битола и Општината Битола, пред присутните зборуваше г. Науме Ѓоргиевски, директор на Библиотеката, Следеше обраќање пред гостите на градоначалникот на Битола г. Владимир Талески, додека пак, во име на авторите зборуваше г-ѓа Анета Стефановска, пратеник во Собранието на Р. Македонија. Промотор на книгата беше проф. д-р. Златко Жоглев, ректор на Универзитетот во Битола. На свеченото претставување на книгата, во преполната сала, присутни беа: заменик министерот за култура на Р. Македонија г. Слободан Деспотовски и претставници од Министерството за култура, претставници од Дипломатскиот кор, директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје, г. Миле Бошески, деканот на „Економскиот факултет“ Прилеп, претседавачот на Советот на Општината Битола, г-ѓа Лилјана Кузмановска и други советници и гости.

**11.12.2007 г.**

**ПРОМОЦИЈА НА ЦД И ЗБОРНИК**

Според Програмата за одбележување на својот Патрониот празник, во еден ден, Библиотеката организираше две промоции - На мултимедијалното ЦД **„Од ризницата на стари книги во битолските цркви“ од вишите библиотекари: Цветанка Дамја-**




**новска, Јоланда Бошевска и Лена Секуловска.** За дизајнер и издавач **„Лидер Инженеринг“** - Битола. Промотор беше д-р Весна Калпаковска. Во име на авторите зборуваше г-ѓа Цветанка Дамјановска. Свое обраќање имаше Неговото Високо преосвештенство Митрополитот Преспанско-пелагониски и администратор Австралиски и Новозеландски г-дин Петар.

- Промоција на Зборникот **„Втора роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија“**, во издание на Библиотеката. Промотор на Зборникот беше д-р Николче Вељановски, главен и одговорен уредник.



**14.12.2007 г.**

**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Последна манифестација од програмата за одбележување на Патрониот празник на Библиотеката беше промоцијата на книгата **„ГОЛЕМАТА ИЗМАМА“** од **Петре Наковски**.

Промотори на книгата беа Трајан Петровски и Бранко Цветковски од Скопје.

# МАЛ ПОРТРЕТ НА ГОЛЕМИОТ ЈОЗО

**(Од воведниот збор на д-р Николче Вељановски, по повод промоцијата на проф. д-р Ферид Мухиќ на „Вечниот оган на философијата“ од Јозо Т. Бошковски која се одржа на 26 септември 2007 година)**

Јозо Т. Бошковски Јон ѝ припаѓа на третата генерација на современи македонски поети. Роден е на 24 јануари или на 6-ти февруари 1933 година во с. Острилци кај Крушево. Дипломира историја на книжевностите со македонски јазик. Режисер, новинар, писател, поет, ликовен и литературен критичар. Работеше во Радио Скопје, во Македонската телевизија, од каде и се пензионирал. Неговото прво дело го напишал уште во 1947 година. Оваа година, слави 60-години од своето богато творештво. Напишал 36 книги. Тој пишува за сонцето,



вселената, знаењето, новиот ум – евангелиум.

На конкурсот на Европската академија за литература, наука и уметност со централно седиште во Неапол, Италија, под покровителство на Европската заедница, во 1980 година, му беше доделена титулата Академик поет и беше примен за нејзин член. Добивал и други странски и домашни награди и признанија. Светскиот универзитет во градот Бенсон, Аризона, САД, во 1988 година, му додели диплома за Почесен Доктор по литература. Во 1989 година беше примен за депутат на Светскиот Парламент за мир и сигурност, а од 1993 година и за министер на оваа интерпарламентарна организација во Македонија. Поседува и дипломатски пасош со кој може слободно да патува низ повеќе држави во Европа и светот. Јозо Т. Бошковски е номиниран и за Благородник на Принцот од Аврам, од Тасманија, Австралија.



За себе ќе рече: „Како човек сум пристапен, љубопитен, и подготвен да помогнам каде ќе затреба. Да не биде претерано, јас сум полихистор - човек кој ги знае сите постигања на науките во светот“. Ретко промовира книги. За прв пат промовира книга во Битола. Учителската школа „Браќа Миладиновци“ во Битола ја завршува во 1954 година. Секогаш животот го носел надвор од Македонија, но овој пат патот го донесе и во Битола. Сега по толку многу години застанува пред битолската публика. Денес, во негова чест професорот Ферид Мухиќ ја промовира неговата најнова книга „Вечниот оган на философијата“, или Актуелизираната историја на философијата (пред Сократ).





*Приредил Николче Вељановски, библиотекар советник*

# ОСВРТ КОН ДЕЛОТО „ЗАХИР“ ОД ПАУЛО КОЕЛЈО

Коељо го започнува своето дело со кратко објаснување за „захирот„, односно, за насловот на книгата. „Според зборовите на писателот Хорхе Луис Борхес, идејата за захирот доаѓа од исламската традиција и се претпоставува дека настанала во 18. век. Захир на арапски = видлив, присутен, тој што не може да помине незабележан. Предмет или суштество кое, откако еднаш ќе го запознаеме, малку по малку ни ги преокупира сите мисли, сè додека не можеме да се сосредоточиме на ништо друго. Може да значи светиња или лудост“. Главниот јунак во книгата е писателот, богат и славен, со еден и единствен проблем во моментот, а тоа е исчезнувањето на неговата сопруга Естер. Таа била жена на 30 години, воен дописник штотуку вратена од Ирак. Сопругот мисли, или барем така се слуша дека го напуштила заради некое момче на 23 или 25 години, по име Михаил, чие вистинско име е Олег.

И овде, Коељо, како и во своето дело „Вештицата од Портобело“, големо внимание посветува на симболиката на имињата на своите јунаци. Исто така книгата изобилува со голема симболика, воопшто. Некој војник, некаде во светот, ја замолил Естер да му ја соблече кошулата. Кошулата била зелена, но извалкана со засирената крв, изгледала црна. Потоа, војникот ја замолил да ја искине на парчиња и да им ја раздели на сите оние кои што се во состојба да ја сфатат пораката на неговата смрт. Авторот ја поврзува претходната книга и преку зборовите: „Жими божествената енергија, ви ја кажувам вистината... јас имам русокоса девојка, која е италијанка и се вика Лукреција...Но во Естер ја најдов партнерката што ја барав, личноста што ми помогна да ја преземам мисијата што ми е доверена, ангелот што ја отвори вратата, патиштата, патеките што ќе ни овозможат - ако даде Господарката - да ѝ ја вратиме на Земјата енергијата на љубовта. Сепак, Естер го напушти, исчезна без збор. Дали за извесно време или за цел живот, тоа не го знаеше. Размислуваше: „Естер е задоволна затоа што ја нашла Љубовта што проголтува, или нашла нов маж, или се откажала од светот, или пак очекува еден од нас двајцата да ѝ тргне во пресрет на Љубовта... захирот пулсираше во сè околу мене“. Естер стана негова преокупација.

Заради нејзиното исчезнување, полицијата ја започна истрагата со негово кратко ставање в затвор, што му помага да ни ја претстави смислата на внатрешната слобода, која е во тесна врска со изборот на неговата љубов: „Се борев за љубовта на својата прва, својата втора, својата трета жена. Се борев да соберам храброст да се разделам од својата прва, својата втора и својата трета жена, зашто љубовта не траеше, а јас морав да продолжам понатаму и да ја барам личноста што се родила за да ме сретне мене - а таа не беше ниедна од нив.“ Авторот се прашува што е слободата, затоа што голем дел од животот го поминал како нечиј роб: „Се борев против своите родители кои повеќе сакаа да станам инженер отколку писател. Се борев против школските другари кои уште од првите денови ме избраа за жртва на нивните расипани игри и тн.“

Сепак, авторот верува во љубовта и смета дека кога човекот ќе завладее со енергијата на љубовта, ќе биде исто толку важно колку кога бил откриен огнот. Ранетиот војник, во миговите на очај зборува за љубовта, но не треба да сфатиме дека смислата на животот можеме да ја сфатиме само во време на војна, исто како што не треба да ја сфатиме мислата на Ниче, „Добрата војна посветува сè“. Авторот смета дека трагачот по љубената е постојано во војна, тој е во потрага по себе си, постојано борејќи се со смртта, односно, со стравот од смртта, затоа што секој знае дека на крајот смртта ќе победи. Тогаш зошто да не ѝ се спротивставиме на смртта, на пример, со љубовта кон својот другар или другарка, со една безусловна и безгранична, со една божја љубов, каква што беше неговата љубов кон Естер. Таа му беше најближната и преку неа тој се сакаше најмногу себеси. Ако мажот и жената успеат да ја изразат Енергијата, тогаш им помагаат на сите мажи и сите жени на светот.

Авторот ни го дава својот поглед на светот за кој смета дека е една приказна која не е вистинска приказна, односно смета дека светот и постоењето се мистерија

исто како што е мистерија и смртта. За да ја дознаеме вистинската приказна за светот треба да ја поминеме границата на непознатото. Естер многу му помагаше во разбирање на непознатото. Всушност, вистинската приказна е заробена во Енергијата на Љубовта. Својата потрага по „исчезнатата“ своја жена, авторот ја споредува со Одисеј кој после дваесет години се враќа во своето родно место Итака каде што „би требало да го чека“ неговата љубена жена Пенелопа, која беше бремена кога тој замина во војна: „Тивко се молам, го слушам гласот на природата и сфаќам дека невидливиот свет секогаш се наѕира во видливиот свет... Му поставувам неколку прашања на небото, истите прашања кои во детството ѝ ги поставував на мајка ми:

„Зошто некои луѓе ги сакаме, а некои ги мразиме?

Каде одиме по смртта?

Зошто се раѓаме ако на крајот умираме?

Што значи Бог?“

Потрагата го прави авторот номад кој стигнал на крајот од степата до местото тенгри, каде небото зад облаците го знаеме дека е сино. Тенгри е всушност, „небесен култ“, еден вид вера без вера. Таму минувале будисти, хиндуисти, католици, муслимани, секти, верувања, празноверија. Според мислата на авторот, духовниот пат и, воопшто, патот на самоспознанието е ист за сите без оглед на верската убеденост. Божественоста е насекаде и постојано и не можеме да ја искорнеме од природата и да ја ставиме во книгите или меѓу четири ѕида. Самоспознанието е вистинската приказна за светот, а со тоа и вистинската љубов. Авторот, пред читателот се прашува: „Што мислам за љубовта, зошто сум пишувал за љубовта, што треба да се направи




за да бидеме среќни во љубовта, љубовта, љубовта... „И продолжува, исто како кај артистите, со секоја нова улога треба да престанеме да бидеме тоа што сме биле во претходната улога за да може да се соживееме со ликот во најновата улога. Значи за да бидеме постојано „нови“ треба да се обидеме да заборавиме кои сме, поточно не мора да ја носиме на грб тежината на својата приказна, но проблемот е во навиката, се разбира, таа е човечка. Читателот би се запрашал, зарем самоспознанието води кон натчовекот? И што има „натчовечко“ во тоа што жената за која авторот се оженил, преминала во захир. Дури ја опишува Естер како единствената жена со која може да биде среќен и покрај тоа што таа не е жената што тој ја сака повеќе од било кој друг на светот. Авторот го правеше среќен токму тоа што Естер потполно го разбираше, само таа му го знаеше вкусот, навиките, начинот на гледање на животот. Ѝ беше благодарен за сè што таа направи за него, а мислеше дека и таа му е благодарна нему за сè што тој направи за неа. Тој се навикна да го гледа светот со нејзините очи.

Овде морам да подзастанам со мојот осврт, некој може да си помисли дека целта на самоспознанието е да го гледаме светот со очите на нашата љубена девојка, или жена!? Овде и авторот, пред читателот се запрашува дали е ваква љубовта, или зависноста, а истовремено му сугерира дека тој не зборува ниту за физичка љубов меѓу маж и жена, ниту пак за зависноста која произлегува од една таква слепа љубов. Токму затоа, тој е во постојана потрага по жената која исчезнала, односно, таа физички најмалку постоела. Овде би го препознале Ниче со неговата силна мисла: „Досега не сум нашол жена со која би посакал да имам деца, освен со тебе, О Вечност!“

Конечно, духовниот маченик, се откажува и од маченикот во себе, за да може повторно да ја сретне онаа што некогаш му беше жена, а која подоцна се претвори во захир. Авторот ни го опишува своето откажување од духовното во себе за да може да се сретне со сопствената душа: „го предадов коњот и пеш ги минав стоте метри што ме делеа од љубената за која сонуваат сите воини кога се враќаат од битка или од работа. Заради една жена тргнав на долго поклонение за да го остварам својот сон. Мојата водачка и љубовта на мојот живот сега е оддалечена само неколку чекори; сè ми помага да избегам од реалноста по која толку трагам, а толку се плашам да се соочам со неа. Но сепак, при средбата, го сфатив она што не сакав да го сфатам и го

прифатив тоа што не сакав да го прифатам", вели авторот, а таа му признала, „Многу страдав,... чекав како што Пенелопа го чекала Одисеј, како Ромео што ја чекал Јулија, како што Беатриче сакала да ја спаси Данте". Празнината на степата била полна со спомените за него, со миговите поминати со него, со нивната заедничка среќа. Сфатила дека нејзиното срце ѝ служело само нејзе и на Бога, а не на други. Тогаш, не е ни чудо што веќе забременила од авторот, од писателот кој толку долго трагаше по неа, а сега беше со неа, како отсекогаш да бил со неа и таа со него. Секој трагачки дух би се запрашал; ако Естер и авторот страдале, не страдал ли и Бог, дури и далеку повеќе од нив, се додека не дошло до нивната повторна средба!? Естер беше неговиот захир. Естер беше натчовекот во него. Зарем Бог не страда за една ваква средба на човекот со натчовекот во себе? Зарем не е ваквата средба блаженството со кое се храни Бог!? Затоа Ниче ќе извикне: „Божјата болка е подлабока, ти чудесен свету! Посегни по божјата болка, а не по мене! Што сум јас! Опојна слатка лира, - полноќна лира,... што не ја разбира никој, о виши луѓе! Бидејќи вие не ме разбирате!"



*Приредила Лидија Мирчевска, виш библиотекар*

# СЕДУМТЕ НОВИ СВЕТСКИ ЧУДА

Идејата за одредување листа на светски чуда првпат се родила кај историчарот Херодот, во петтиот век пред нашата ера. Неговиот колега Калимакус од Сирена, напишал книга која се занимавала со светските чуда.. Оваа книга се наоѓала во библиотеката во Александрија и била уништена заедно со уништувањето на библиотеката.

Во античко време, пак, попис на овие чуда направил грчкиот поет Антипатрос меѓу 150-тата и 120-тата година од старата ера. Чудата од античко време биле: висечките градини на Семирамида во Вавилон, кипот на Зевс во Олимпија, храмот на Артемида во Ефес, мавзолејот на Халикарнас во Персија, колосот од Родос, светилникот во Александрија и пирамидите во Гиза. Денес, од сите овие останале само остатоци, само пирамидите во Гиза останале во целост. Иако Антипатрос бил Грк, тој го изоставил атинскиот Акропол, кој ниту сега не успеал да се вброи во новите „Седум светски чуда".

На 07.07.2007 година, на големата свечена церемонија во Лисабон беа избрани „Седумте нови светски чуда". На овој меѓународен натпревар (New Seven Wonders of the World) одржан по иницијатива на Бернард Вебер, основач на Новата отворена светска корпорација (New Open World Corporation - NOWC), можеа да земат учество градби кои биле градени од создавањето на светот па се до 2000 година. Услов бил градбите да постојат и денес.

Оваа необична кампања го обзеде светот. Најпрво биле избрани седумдесет и седум од номинираните двеста културни наследства. Откако стручна екипа ги посетила сите нив, во јануари 2007 година, составила листа од дваесет и една градба. Градбите кои не добиле доволен број гласови се следните: Атинскиот Акропол, Алхамбра во Гранада на Шпанија, камбоџанскиот Ангкор Ват, статуите на Велигденските острови, Ајфеловата кула, Аја Софија, храмот „Кијомицу" во Јапонија, Кремљ со црквата „Василиј Блажен", баварскиот замок „Нојшванштајн", пирамидите во Гиза, Статуата на слободата во Њујорк, британскиот Стоунхенџ, операта во Сиднеј и древниот град Тимбукту во Мали.

Градбите кои се избрани за нови „Седум светски чуда" се: Кинескиот ѕид (Кина, 5 век пр.н.е. до 16 век н.е.), древниот град Петра (Јордан, 6 век пр.н.е.), спасителот Исус Христос, Рио де Жанеиро (Бразил, 1931), Мачу Пикчу (Перу, 1450), Чичен Ица, Јукатан (Мексико, 600), Колосеумот, Рим (Италија, 80 н.е.) и Таџ Махал, Агра (Индија, 1648). Пирамидите во Гиза се земени како почесен кандидат (Египет, 2560 пр.н.е.) Оваа кампања за избор на „Седумте нови светски чуда", предизвика неброени критики од експерти од целиот свет. УНЕСКО дури нагласува дека изборот не го опфатил целото човештво, туку само еден негов дел. Но, во секој случај современиот свет ги доби своите седум нови светски чуда.



Кинескиот ѕид (Кина, 5 век пр.н.е. до 16 век н.е.)




Мачу Пикчу (Перу, 1450)



Древниот град Петра (Јордан, 6 век пр.н.е.)



Чичен Ица, Јукатан (Мексико, 600)



Спасителот Исус Христос, Рио де Жанеиро (Бразил, 1931)



Колосеумот, Рим (Италија, 80 н.е.)



Таџ Махал, Агра (Индија, 1648)



Пирамидите во Гиза (Египет, 2560 пр.н.е.)
(почесен кандидат)

# РАЗГОВОР СО ВАНЧО ПОЛАЗАРЕВСКИ



- наоколу магла, а во мене сонце -

**Кажете ни нешто за Вашите најмлади години?**

Роден сум во Гостивар. Првите 10 години од мојот живот ги минав во Призрен. Се сеќавам на Една случка од Призрен. Имав 8 години. Бев повластен од татко ми и мајка ми да гледам филм заедно со нив. Навечер, значи доцна, а плус филм со Тарзан. Зарем на тие години може да се има поголема среќа. Таа возбуда од гледање филм и денес ми држи влага, при секое влегување во киносала. Тука се и можеби најубавите десетина години од моето детство заедно со неколкуте „детски“ години минати во Битола. Тоа сега е веќе како некој сон. Живеевме кај Каменниот Мост. Реката Курдерес ја паметам по тоа што си играв со хартиени бротчиња... откако ќе ги пуштев да пловат, трчкав покрај нив се додека не потонеа. Денови исполнети со безгрижни игри, на моменти проткаени со детска суровост како кај сите деца во светот.

Средно образование учев во Техничкото училиште ЕМУЦ „Ѓуро Салај“. Отидов во Скопје, се запишав на Електромашински факултет, се префрлив на Техничкиот факултет во Битола каде ги поминав следните неколку години. Дипломирав, а потоа, повторно се

вратив во Скопје и се запишав на Филозофскиот факултет - група Историја на уметност...

**Што Ве натера да појдете во Скопје?**

Отидов во Скопје затоа што Битола ми стана тесна, секоја чест на Широк Сокак. Сакав на моменти да се загубам во шетањето небаре сум во некој огромен непознат град. Тоа е возбудливо, тоа е како да влегуваш во сопствен расказ што со секој изминат чекор го испишуваш, со нозете, очите, умот и случките околу тебе. Тоа го имаше и во Битола, но Скопје како да има повеќе штоф за тоа. Имав на располагање многу повеќе улици, паркови, населби, фаци, излози. Сакав на моменти да шетам сам, а тоа во помалите градови не е можно, веднаш ве обележуваат. Во поголем град имав поголем простор. Јас сум по природа номад.

**Најверојатно сте имале и поголеми можности?**

Имав и поголеми можности за работа, за докажувања.... Работев како уредник во „Детска радост", како хуморист во „Остен", „Млад борец", а на крај во „Теа модерна". Работата сега е далеку покомерцијална. Најмногу книги објавував кога бев во „Детска радост" и таму се задржав најмногу. Работев и за радио станици, некои емисии на разни ТВ, а објавував хумор и сатира низ весниците на просторите на бивша Југославија.

**Како можеме да го поделиме Вашето творештво?**

Прво како детска одушевеност што може да се опишува (и објавува) и второ како шок од сознанието дали тоа е сепак тоа? Кога ќе ги читаш еден Гомбрович или Бегбеде, Мишима... си велиш што е ова, кај се тие, кај сум јас. Сепак,



убаво е да се демистифицира една толку убава професија како што е писател со големо П.

Пишував детски книги, хумор и сатира. Мислам дека книгите за деца се една богата комуникација со зборовите, мисли... во нив можеш да откачиш тони фантазија. За да се пишува на други потешки теми треба да се биде многу помоќен.

**Која беше Вашата прва книга?**

Првата моја книга е „Па што?" полна со хумор и сатира. Ја отпечатив во „Киро Дандаро" во 1981 година. Следуваат: „Па што - скриптиз", афоризми и „Сештологија" во 1987 година. Потоа „Смеалиште" и „Бушавиште" во 1989 год., „Шашаријада" (1993), „Големи и мали" (1997) и „Лилав пилав" (1997),

„Нервозни приказни" (2000), „Бисери и солзи" (2001) и „Ноќ и ден" (2004) итн.

**Пишувате раскази и драми?**

Драми не. Во моите книги повеќето има раскази што се некако мислам веселки и коишто расположуваат - со игра на зборови и ситуации. Всушност, за мене, писател е голема професија. Често се прашувам колку сме вистински писатели, затоа што често нашето его не тера да пишуваме нешта кои не ги сакаме, па затоа после се каеме. Во Народниот театар се играа некои мои скечеви во кабарето „Кабаре-Чкембаре" заедно со текстовите на Иван Карадак, и една детска пиеса, „Бисери и солзи", таа се играше во Скопје, во 2004 год. Бледо помина... ја пишував во една театарска работилница во Охрид.

**Кога бевте присутни на првата Роднокрајна средба на битолски писатели од Македонија, ми спомнавте за книгата „Ноќ и ден"?**

Да, мислам дека е интересна, но читателите за тоа го имаат последниот збор, нели? Тоа е еден избор на раскази и песни што ги пишував во претходните години.

**Награди?**

За „Смеалиште" ја добив наградата на Струшките вечери на поезијата за деца. Добивав и некои награди за скечеви, хумористи, карикатури...




**Која беше Вашата амбиција во литературата?**

Ги имав амбициите во онаа прва фаза што ја опишав, подоцна сфатив дека ми е поважно онака да се живее животот како своја книга што секој ден ја испишувам. Пишувањето бара голема посветеност, часови и часови пополнување бели простори со тешки дилеми дали токму така треба, дали тоа е навистина добро за некој човек, наместо бурек, да ја купи токму твојата книга.

Но сепак, предизвик ми беше да ја демистифицирам професијата писател. Успеав да се видам себеси и од таа страна. Јас прво се гледам како читател, а потоа се обидувам така да се видам себе си за сите тие изминати години... од сите страни.

**Од каде Ви доаѓа инспирацијата?**

Па, неа, за сите ја има насекаде. Таа е една сеприсутност. Понекогаш мислам дека просто те тера да ја исфрлиш од себе си. Па брзаш, па се трудиш... нешто шиба од твоите мозочни нерамнини... Ми се чини дека може да биде инспиративен, подеднаков, секој наш потег, ете, во моментот, и твојот израз на лицето, како седиш, како паѓаат сенките од ролетните овде, врз тебе и тоа може да биде дел од една книга... еден ден. Си помислувам, да ова е Николче што го знам со години.

**Што има најново?**

Веќе подолго време работам на проза. Се работи за една зграда - ја гледам и од внатре и од надвор, луѓето што со туфкање влегуваат и излегуваат од зградата-мравјалник и секогаш со некоја нова фаца, некоја нова изненада, недофатлива а толку блиска. Зграда со тие нејзини стенкања на бетонските ѕидови, крикови на лифтовите, лелеци на фрлените најлон кеси со ѓубре, тие птици на нашата култура. Безимените ликови кои имаат еден секојдневен но многу слоевит живот. А зградата, тоа цело село - вертикала со 70 станови велам грофта, туфка, јачи... живее, со нас заедно. Живот во кутии од тули и малтер - всушност во ништо, и тоа како да ги предизвикува луѓето кои си живеат едни на други на глава, да посакуваат да ги расчистат сметките а тоа не оди баш лесно.

**Дали Ве фаќа носталгија за Битола?**

И да и не. Се обидувам тоа да биде нормално. Да биде дел од животот. За ден-два ќе претрчам да ги видам милите лица. Успевам да му се радувам на градот, познаниците. Ги гледам балконите, улиците, некои маала што ми биле огромни, долги, цели авантури кога сум требал да одам кај тетка ми Братка, на пример.

Седам на Широк Сокак и воопшто ми се јавува желба да ја шетам цела Битола. Градот, со текот на времето се менува, улиците, фасадите, продавниците, светлината... Минливоста на годините ја мерам со откривање на тајните убавини на Битола.

Тоа го немам во Скопје. Кога живеев тука, тоа беше време на поинаков живот, нормално многу поразлично од денес. Тогаш сакав да излегувам и да се шетам сам по градот. Сега, веќе е поинаку. Животот се менува страотно брзо.

**Дали некогаш сте се покајале за тоа што станавте писател, дали се исплаќа трудот?**

Не, иако сметам дека многу тешко може некој да се нарече писател. Тоа да се напише, или објави книга, денес е многу лесна работа, но, да се каже нешто навистина ново, добро, нешто што би им го одзело здивот на читателите, е, тоа е веќе нешто друго.

**Дали сте размислувале да одите во странство и таму да направите кариера?**

Како многу млад, да, сега сметам дека нема странство, Странство е таму каде што ти се малку четирите страни на светот, а тоа може да



ти се случи и дома, на најудобното катче во топлиот ти дом.

**Кога сега ги гледате Роднокрајните средби, која е Вашата критика за нив, или дали би можеле да изгледаат поинаку?**

Мислам дека се добри, по мој кејф би требало да се поотворени кон помлади писатели, нови фаци...

**Кои од нашите или странските писатели најмногу ги цените, онака, се по Ваш вкус?**

Ги има многу, на пример: Борхес, Мишима, Уелбек, Замјатин, Умберто Еко, Лимонов, Буковски... Петре Андреевски, Блаже Конески, Славко Јаневски, Гоце Смилевски, Алекс Букарски...

**Дали имате слободно време и каде обично го користите?**

О да, се трудам да го имам колку што е можно повеќе и тогаш одам на планина, во некое село и таму си го густирам, го арчам полека, како кога пијам кафе, голтка по голтка.

**Ве интересираат ли патувања надвор од Македонија, можеби, како извор на инспирација?**

Сега веќе не толку. Порано - многу. Кина, Египет, Канада, Европа, Тунис... доста патувања... по кои открив дека центарот на светот можеби е во село Љубојно, барем за таа година...

**Еднаш Ве прашував за религиозното во Вас, или ете, како ја гледате религијата или верувањето?**

Да зборувавме за тоа. Верувам во себе, во тебе, во многу луѓе околу мене. Тоа е мојата верба во луѓето со кои стапувам во контакт. Верувам во убавината што се распостила наоколу во најразновидни форми (дрва, хоризонти, чуден облик на стара куќарка, цвет, астероид...), во убавината на љубовта што се манифестира на најразлични начини, во бескрајните видови игри, особено кога сами себе си во самиот тек на играта се играат, преигруваат, преофромуваат и ни нудат некое детско задоволство. Вербата во нешто што во целост не може да се искаже е мојата верба. Тоа ми дава зготен простор.

**Делува ли на Вас и Вашето пишување притисокот на политиката?**

Не, освен на индиректен начин, она кога заради сета таа политика мрачноста околу нас се зголемува, темно напластени облаци јуришаат кон тебе **и ти мораш да носиш чадор, а на пример, во тебе - сонце**.



# ПОСАКУВАЊА ИЛИ ВИСТИНИ



Никола Кочовски

**Ова не е само приказна. Ова е и вистина. Замислувана, но верувана.**

Беше тоа една градина, многу голема и многу убава, небаре рај. Еднаш само се влегуваше во неа и никој не знаеше како се нашол таму, а сепак, однекаде помнеа, како да го беа виделе тоа дека над огромната широка врата од таа градина однадвор пишуваше: „По сто и педесет."

И помнење тлееше во нив за некаков живот кој како да го живееле некогаш порано, нешто слично како што ни се случува кога некој силен внесеник или фантазер ќе ни рече: „...Тоа сум го имал јас во претходниот живот".

Ете во таа препространа градина, поправо бескрајна, како што е времето, имало луѓе видови, од различни поразлични.

На еден спортски полигон обрастен високо со цветни дрвја, населен со милопоен птичји плипот, по зелената трева која никогаш како да не видела летен изгор, трчкаше, потскокнуваше и многу други телесни вежби по избор на душата си изведуваше момче во расцут на силите, со насмев на лицето и со радост во очите, и во повремените восклици што сами му избегуваа од грлото како несвесен одѕив на милното цвркотење одоколу. Немаше момчево кога да се вдлабува во себеси, но во помирни часови, откако ќе поминеа уживањата на игралиштето, иако и тогаш му беа ретки помирните часови, сепак ќе поднаѕреше, ќе подраспознаеше во својата дамнина, за која инаку не се сеќаваше конкретно исто како и за големиот натпис на таинствената градинска врата - ќе се подизненадеше така, од знаењето: дека тој еден ден беше бил кутар алипник во сиромашна количка за која немало ни рака која да му подзачисти, да му потсуреди, а среќен бил и ако се најдел милосрдно дофрлен касај, да го подзалаже стомакот, душата да си ја задржи... Таков чудесен доѕир, небаре во магличавост на магесно стакло. Не, тоа не можеше и сега, тука, да има болно дејство на него, ниту самиот знаеше од кога му е вратено спокојството, од кога му го исполнува радосниот, игровитиот здив чувството на благодарност што му е дадено да го има она за кое неговата душа беше подготвена да го има и да го одржува.

Потаму, во поинаков предел на градината, друг човек, средовечник, но не како момчето во игралиштето, туку доста скудна, бедна слика: во поддрпнати работнички алишта, со клешта и тесла во рацете, ја поправаше, божем ја затегнуваше теловната ограда на парче од големата градина, предвидено со нешто да биде засадено, што не можеше да му биде ни познато. Лице на кое се гледаше обесмисленост на непотребник и безволие, но зад тоа лице, во внатрешноста на главата, беа зачувани одблесоци, иако матни, од една изминатост, од еден миг од бескрајното време, а во тој миг истиот бил важна личност која секогаш се стремела да биде уште поуважувана, отпрвин директор, а потоа и поголем раководител, претседател на многу почесно место и функционер чиј збор бил моќен и многу тешки порти да отвори, особено ако било тоа поврзано со негови желби и лично напредување. И титули, и академски звања и положба, сè било постигнато без многу мака, вешто.

И во таа бледо досеглива со умот сопствена претходност, овој поправач на ограда и уште којзнае какво излишно маткало во големата градина од која немаше излегување, тогаш кога добро ќе се одмореше и ќе се осетеше на крајот заслужен да се препушти на нешто убаво, макар и да беше тоа слично на кутра детска подзалажувачка, ќе доѕирнеше во непоправливата некогашна одвиореност и уште нешто: Тој требаше да решава за свој потчинет без звања и без положби, но многу даровит и успешен, и многу дури инаетливо упорен во трудот - а беше научник, создавач со учество на својата развивана, полетна мисла, - ама не му се допаѓаше таквиот уверен трудољубивец кого во себе си го наречуваше „брзоплетко", и колку пати што беше замолен за разбирање и овозможување на услови за да се докаже малкуважниов но занесен трудољубивец - двојно повеќе пати му наштети од својата академска висина.

Му се случуваше на човеков со клешта и тесла во рацете да го догледа од подалеку во градинава тој некогашен свој потчинет, не можеше сега ни да му пријде, во посебен предел, убаво заштитен од такви како него, предел каков што никогаш не барал, се движеше и умно, со задоволство разговараше со истакнати мислители, научници, каков што и тој, од најдамни временски доѕирнини, се стремел и успевал да биде. Луѓе беа тоа не толку бројни, но заслужни, полни со добродетелен и радосен болскот кој се ширеше низ градината, без оглед на денот и ноќта, како тивка, но непобедлива божествена милина...

А нашиот затегнувач на жици и сенештовец кога ќе беше во можност да се препушти на размисли, жалеше што е времето премногу големо спрема мигот.

Но мигот беше поминат, останат назад. А тој не остана во трајното време со ништо од својот миг. Ни големо ни благородно. Ако беше благородно ќе беше и големо. Една залудност од човек. Која ни во градината не знаеја кај да ја сместат и зошто воопшто се наоѓа во неа. Не беа тука оградите од таков вид што да им требаше затегнување. Цврсти беа и дури препостојани. Би можело да се рече, вечни. Не можеше овој телокрпач, овој ништотен човечки продолжеток, да не е свесен за тоа, и покрај сета бледникавост на она што беше дамна профучено. Болскотот на големите остварители го потсетуваше и покрај неговото несакање.

И затоа не можеше да биде ни утешен, дури ни залажан, како што ни се случува кога гледаме нешто сладникаво од тој безначаен, кутар свој миг.

**НОВО НОВО НОВО**

# ИЗЛОЖБА ВО РОДНОКРАЈНАТА ЧИТАЛНА

## НУУБ „Св. Климент Охридски“ - низ процесот на осовременување“





На крајот од 2007 година читалната на Роднокрајното одделение доби една свечена декорација со поставувањето на Изложбата **„НУУБ „Св. Климент Охридски“ - низ процесот на осовременување“** која на повеќе стаклени паноа ги прикажува одредени поголеми активности, односно проекти на вработените во Библиотеката, од 1945 година до денес. Поставени се просториите по оддели, некогаш и денес, салата за промоции, промените во холот на библиотеката како и одредени прослави и екскурзии на вработените. На едно пано се поставени и познатите македонски писатели кои биле гости на Библиотеката.



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ВО 2007 ГОДИНА НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА

Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Битола според годишниот договор број 17-1328/16 од 27.03.2007 година и Анексот на договорот бр.17-1328/72 од 24.12.2007 година за учество во финансирањето на проекти од национален интерес во културата за 2007 година, ги реализираше следните програмски активности:

| Р. бр. | ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | По договор | Реализација 01.01.-31.12.2007 | процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Збогатување на книжниот фонд и периодични списанија | 525.000 | 525.179 | 100,04 |
| 2. | Заштита на стари книги и периодика- ракописи во Битола и Битолско | 80.000 | 80.200 | 100,25 |
| 3. | Културни активности во Библиотеката | 30.000 | 29.706 | 99,02 |
| 4. | Материјални трошоци | 315.000 | 322.870 | 102,50 |
| 5. | Маркетинг на библиотеката | 40.000 | 39.784 | 99,46 |
| 6. | Музејска поставка | 30.000 | 30.201 | 100,67 |
| 7. | Истражување за збогатување на фондот на Роднокрајниот оддел | 21.000 | 21.100 | 100,48 |
| 8. | Заштита на библиотечен материјал | 50.000 | 51.740 | 103,49 |
| 9. | Персонална библиографија за Вера Стојчевска Антиќ | 40.000 | 40.300 | 100,00 |
| 10. | Тркалезна маса - Втора средба со роднокрајните автори | 40.000 | 40.000 | 100,00 |
| 11. | Библиотечен водач | 50.000 | 49.897 | 99,80 |
| 12. | Библиотечен тренд | 50.000 | 50.000 | 100,00 |
| 13. | Автоматизација на библиотеките од западниот регион на РМ | 1.200.000 | 1.200.066 | 100,01 |
| 14. | **ВКУПНО:** | **2.471.000** | **2.481.043** | **100,41** |

*Приредиле Цара Огненовска и Трајан Чагорски*